ПП.бр. 09-24/1

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: Димитрија Вревезоски - претседател, Проф. Д-р Владимир Наумовски и Насер Жарку - членови, постапувајќи во постапка поведена по службена должност со Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 09-8/1 од 01.02.2017 година, против Друштво за интелектуални услуги ЈАВОР-КОП ДООЕЛ Скопје (со претходен назив: **Друштво за интелектуални услуги Браинобраин Еуропе ДООЕЛ**), со седиште на Народен Фронт бр.17-ламела 1/локал 2 Скопје, заради утврдување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 20.04.2022 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека Друштво за интелектуални услуги ЈАВОР-КОП ДООЕЛ Скопје (со претходен назив: **Друштво за интелектуални услуги Браинобраин Еуропе ДООЕЛ**), со седиште на Народен Фронт бр.17-ламела 1/локал 2 Скопје, со ЕДБ 4032011514816, во периодот, **од 30.10.2011 година, како ден кога бил склучен првиот договор за франшиза кој содржел ограничувачка одреба до 01.09.2018 година, како ден на завршување на договорот за франшиза склучен помеѓу Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) и СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје, Подружница I СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ, како ден на завршување на последен договор кој содржел ограничувачка одредба** во 29 наврати го условувало склучувањето на договорите за франшиза со корисниците на франшиза со прифаќање обврска од страна на корисникот на франшизата, дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот, на начин што во:

1. Договорот за франшиза склучен на ден 30.10.2011 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија** како давател на франшиза и **Општинска организација на Црвен крст Охрид**, **Македонија**, како корисник на франшизата;

2. Договорот за франшиза склучен на ден 30.10.2011 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и **Абакус Плус – Битола,** како корисник на франшизата;

3. Договорот за франшиза склучен на ден 30.10.2011 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза **и Едукативен Центар Светилник, Скопје-локација Универзална сала**, како корисник на франшизата;
4. Договорот за франшиза склучен на ден 01.03.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија, к**ако давател на франшиза и **Џонова Џаџова Емилија, со адреса на ул. Трајко Кошески бр.23 Штип**, како корисник на франшизата;
5. Договорот за франшиза склучен на ден 01.03.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија,** како давател на франшиза и **Е-Консалтинг, Кочани,** како корисник на франшизата;

во точка 6.3 а) е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 8 од делот со назив "Распоред" од истите договори фиксно е утврден месечен надомест кој корисникот на франшизата (франшизантот) ќе го собира од своите студенти по месец и дополнително во Правило 4 од делот со назив "Бреинобреин правила и регулативи" е предвиден фиксен месечен надомест по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот

6. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија,** како давател на франшиза и **Браинобраин Јуниорс ул Мексичка 14б, Скопје,** како корисник на франшизата;
7. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2012 година помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и **Фрутберри ДООЕЛ Струмица-подружница Вондеркит ул. Климент Охридски бб/просенички пат Струмица,** како корисник на франшизата;

во точка 6.3 а) е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 22 од делот со назив "Распоред" од истиот договор е предвидено дека Мастер Франшизерот одредува 3 категории на фиксно определен надоместок за наплата на месечниот Браинобраин курс за секој студент во зависност од бројноста на жители во градот и во Правило 4 од делот со назив "Бреинобреин правила и регулативи" е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот

8. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и приватно здружение на граѓани за равој на вештини и човечки вредности **Едукативен Центар Светилник, ул. Методија Митевски бр.5/4-7 Скопје,** како корисник на франшизата;

9. Договорот за франшиза склучен на ден 01.12.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз, ул. Илинденска 18а Тетово**, како корисник на франшизата;

10. Договорот за франшиза склучен на ден 01.02.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и Здружение на граѓани за развој на вештини и човечки вредности **Едукативен Центар Светилник Скопје, ул. Методија Митевски бр.5/4 7 Скопје,** како корисник на франшизата;

11. Договорот за франшиза склучен на ден 24.09.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и Друштво за производство и трговија **ЕЛМО-ТЕХНА Љубенчо ДООЕЛ увоз-извоз, ул. Благој Ѓорев бр.36/1-13 Велес,** како корисник на франшизата;

12. Договорот за франшиза склучен на ден 01.04.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **МАЛИ ГЕНИЈАЛЦИ ДООЕЛ ул. Ген. Васко Карангеловски бр.1 ГТЦ кеопс БИТОЛА**, како корисник на франшизата;

13. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Здружение за умствен развој Браин Гинис – Куманово, ул. МУБ бр.124 Куманово,** како корисник на франшизата;

во Член 20 а) е предвидено дека Мастер франшизерот, има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците и во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот

14. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ДТУ ЈУНИОРС Клуб ДООЕЛ Скопје**, како корисник на франшизата;

15. Договорот за франшиза склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ЕДУКАТИВНО УЧИЛИШТЕ СИГМА ДООЕЛ, ул. Илинденска бб, Крива Паланка,** како корисник на франшизата;

16. Договорот за франшиза склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Друштво за едукација и услуги ОКСИЃЕНИ 2013 ДООЕЛ Скопје**, како корисник на франшизата;

17. Договорот за франшиза склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Здружени за умствен развој БРАИН-ГИНИС, Куманово,** како корисник на франшизата;

18. Договорот за франшиза склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ТЕРМАЛ КОМФОРТ ДООЕЛ Гостивар-Подружница 2 ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНА ЕДУКАЦИЈА-ТЦЕ, ул. Беличица бр.51 Гостивар,** како корисник на франшизата;

19. Договорот за франшиза склучен на ден 28.04.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Здружение за едукација и развој на млади БРАИНОБРАИН КИДС, ул. Гемиџиска бр.57 Скопје,** како корисник на франшизата;

20. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **БРАИНОБРАИН НОВА ДООЕЛ, Ул.Лазар Личеноски бр.27, Скопје,** како корисник на франшизата;

21. Договор за франшиза склучен на ден 01.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје, Подружница I СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ул. Борка Талевски бр.49/3 Скопје,** како корисник на франшизата;

22. Договорот за франшиза склучен на ден 03.09.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Е-Консалтинг, Кочани,** како корисник на франшизата;

23. Договорот за франшиза склучен на ден 14.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Здружение за едукација и развој на млади АБАКУС ул. Коста Новаковиќ бр.7/1-3 Скопје**, како корисник на франшизата;

24. Договорот за франшиза склучен на ден 21.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ЛИНГВА 2006 ДООЕЛ, ул. Маршал Тито бр.65 БИТОЛА,** како корисник на франшизата;

25. Договорот за франшиза склучен на ден 01.02.2016 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **ДУПТ АРИТМЕТИКА М ДООЕЛ увоз-извоз, ул. Цветан Димов бр.72 Струмица**, како корисник на франшизата;

26. Договорот за франшиза склучен на ден 21.03.2016 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза **и Црвен Крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид, ул. Димитар Влахов бр.52 Охрид**, како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години;

во Член 8 е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати фиксно определен месечен надомест и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите

27. Договорот за франшиза склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Здружение за едукација и развој на млади АБАКУС, ул. Коста Новаковиќ бр.7/1-3 Скопје,** како корисник на франшизата;

28. Договорот за франшиза склучен на ден 18.11.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Црвен Крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид, ул. Димитарв Влахов бр.52 Охрид,** како корисник на франшизата;

29. Договорот за франшиза склучен на ден 22.01.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ДА ВИНЧИ ГАБ ДООЕЛ, ул.Гоце Делчев бр.64, Куманово,** како корисник на франшизата

во Член 6 а) е предвидено дека Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје (давателот на франшизата) има право со предходно известување, да го смени износот на месечниот надомест кој што го плаќаат посетителите на курсот и во Член 8 од истиот договор е предвидено дека Франшизниот центар при запишувањето на посетителите на курсот Браинобраин е должен да им предаде на родителите на посетителите на кусот, уплатница врз основа на која што ќе вршат уплата на фиксно определен месечен надомест за посета на курсот

**што претставува** повеќекратно остарување на прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата и член 28 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр. 124/15),

2. За сторениот прекршок од точка 1 од ова решение, на сторителот Друштво за интелектуални услуги ЈАВОР-КОП ДООЕЛ Скопје (со претходен назив: Друштво за интелектуални услуги Браинобраин Еуропе ДООЕЛ), **не му се изрекува глоба**, бидејќи вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2021 година како претходна финансиска година, изнесува 0 денари.

## О б р а з л о ж е н и е

КОП постапувајќи по службена должност со Заклучок ПП бр.09-30/2, донесен на седница одржана на 10.10.2016 година, го задолжи Друштво за интелектуални услуги ЈАВОР-КОП ДООЕЛ Скопје (со претходен назив: **Друштво за интелектуални услуги Браинобраин Еуропе ДООЕЛ**), (во понатамошниот текст: **Јавор КОП** (со претходен назив: **БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје**)) до КОП да ги достави сите договори за франшиза со субјекти на територијата на Република Македонија кои **Јавор КОП** (со претходен назив: **БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје**) ги има склучено/биле во сила од 2010 година до денот на произнесување по наведениот Заклучок ПП бр.09-30/2.

На ден 14.10.2016 година, Адвокат Христина Стојановиќ, полномошник на Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), со Допис ПП бр.09-30/3 достави до КОП Барање за увид и фотокопирање.

Со Допис ПП бр. 09-30/4 од 21.10.2016 година, Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), достави одговор на Заклучок ПП бр.09-30/2 на КОП,

доставувајќи во прилог договори за франшиза кои ги склучувал Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) од 2010 година до денот на доставување на наведениот допис.

На ден 31.10.2016 година, КОП со Допис ПП бр.09-30/5 достави Одговор на барање за увид и фотокопирање до Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје).

На седница оддржана на ден 01.02.2017 година, КОП донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 09-8/1. Со Допис ПП бр. 09-8/1 од 03.02.2017, КОП го достави Заклучокот за поведување на прекршочна постапка до Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје).

Со Допис ПП бр.09-8/2 од 15.02.2017 година, Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), достави одговор на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 09-8/1 до КОП.

На седница оддржана на ден 23.03.2017 година, КОП донесе Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-8/3. Со Допис ПП бр. 09-8/3 од 23.03.2017, КОП го достави Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба до Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје).

Со Допис ПП бр.09-8/4 од 10.04.2017 година, Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), се произнесе по Прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-8/3.

На седница оддржана на ден 24.04.2017 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр. 09-8/5. Со Допис ПП бр. 09-8/6 од 05.05.2017 година, КОП го достави Заклучокот за барање на податоци ПП бр. 09-8/5 до Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје и побара да бидат доставени вкупни приходи остварени врз основа на Договорите за франшиза со корисниците на франшиза во 2016 година.

Со Допис 09-8/7 од 11.05.2017 година, Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) одговори на Заклучокот за барање на податоци ПП бр. 09-8/5 на КОП.

На седница оддржана на ден 15.05.2017 година, КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-8/8. Со Допис ПП бр. 09-8/8 од 15.05.2017, КОП го достави Конечното известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-8/8 до Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје).

Со Допис ПП бр. 09-8/9 од 31.05.2017 година, Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) се произнесе по Конечното известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-8/8 на КОП.

Во прилог на Допис ПП бр. 09-8/10 од 14.06.2017 година, Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) достави корегирани договори и Анекси на Договори за франшиза до КОП.

Со Допис ПП бр. 09-8/11 од 15.08.2017 година, Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) достави дополнување на известување за корегирани договори до КОП.

КОП на седница оддржана на 29.11.2017 година донесе Решение ПП бр.09-8/12.
Со наведеното Решение ПП бр.09-8/12 КОП утврди дека Друштвото за интелектуални услуги Браинобраин Еуропе ДООЕЛ, Скопје со седиште на бул. Јане Сандански бр.21/1-7, Скопје, со ЕМБС 6732534, ЕДБ 4032011514816, жиро сметка бр. 240040002277878 во Уни Банка АД Скопје и овластено лице Клаудиа Ехмер-Воргиќ, управител, застапувано од полномошник Христина Стојановиќ, адвокат од Скопје, во периодот <u>од 30.10.2011 година  до денот на донесување на ова решение</u>, во 29 наврати го условувало склучувањето на договорите за франшиза со корисниците на франшиза со прифаќање обврска од страна на корисникот на франшизата, дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот, на начин што во:

1. Договорот за франшиза склучен на ден 30.10.2011 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија** како давател на франшиза и **Општинска организација на Црвен крст Охрид**, **Македонија**, како корисник на франшизата;

2. Договорот за франшиза склучен на ден 30.10.2011 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и **Абакус Плус – Битола,** како корисник на франшизата;

3. Договорот за франшиза склучен на ден 30.10.2011 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза **и Едукативен Центар Светилник, Скопје-локација Универзална сала**, како корисник на франшизата;

4. Договорот за франшиза склучен на ден 01.03.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија, к**ако давател на франшиза и **Џонова Џаџова Емилија, со адреса на ул. Трајко Кошески бр.23 Штип**, како корисник на франшизата;

5. Договорот за франшиза склучен на ден 01.03.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија,** како давател на франшиза и **Е-Консалтинг, Кочани,** како корисник на франшизата;

во точка 6.3 а) е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 8 од делот со назив "Распоред" од истите договори фиксно е утврден месечен  надомест кој корисникот на франшизата (франшизантот) ќе го собира од своите студенти по месец и дополнително во Правило 4 од делот со назив "Бреинобреин правила и регулативи"  е предвиден фиксен месечен надомест по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот

6. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија,** како давател на франшиза и **Браинобраин Јуниорс ул Мексичка 14б, Скопје,** како корисник на франшизата;

7. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2012 година помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и **Фрутберри ДООЕЛ Струмица-подружница Вондеркит ул. Климент Охридски бб/просенички пат Струмица,** како корисник на франшизата;

во точка 6.3 а) е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 22 од делот со назив "Распоред" од истиот договор е предвидено дека Мастер Франшизерот одредува 3 категории на фиксно определен надоместок за наплата на месечниот Браинобраин курс за секој студент во зависност од бројноста на жители во градот и во Правило 4 од делот со назив "Бреинобреин правила и регулативи" е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот

8. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и приватно здружение на граѓани за равој на вештини и човечки вредности **Едукативен Центар Светилник, ул. Методија Митевски бр.5/4-7 Скопје,** како корисник на франшизата;

9. Договорот за франшиза склучен на ден 01.12.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз, ул. Илинденска 18а Тетово**, како корисник на франшизата;

10. Договорот за франшиза склучен на ден 01.02.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и Здружение на граѓани за развој на вештини и човечки вредности **Едукативен Центар Светилник Скопје, ул. Методија Митевски бр.5/4 7 Скопје,** како корисник на франшизата;

11. Договорот за франшиза склучен на ден 24.09.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и Друштво за производство и трговија **ЕЛМО-ТЕХНА Љубенчо ДООЕЛ увоз-извоз, ул. Благој Ѓорев бр.36/1-13 Велес,** како корисник на франшизата;

12. Договорот за франшиза склучен на ден 01.04.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **МАЛИ ГЕНИЈАЛЦИ ДООЕЛ ул. Ген. Васко Карангеловски бр.1 ГТЦ кеопс БИТОЛА**, како корисник на франшизата;

13. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и

**Здружение за умствен развој Браин Гинис – Куманово, ул. МУБ бр.124 Куманово,** како корисник на франшизата;

во Член 20 а) е предвидено дека Мастер франшизерот, има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците и во Правило 4 од делот со назив "Бреинобреин правила и регулативи" е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот

14. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ДТУ ЈУНИОРС Клуб ДООЕЛ Скопје**, како корисник на франшизата;

15. Договорот за франшиза склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ЕДУКАТИВНО УЧИЛИШТЕ СИГМА ДООЕЛ, ул. Илинденска бб, Крива Паланка,** како корисник на франшизата;

16. Договорот за франшиза склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Друштво за едукација и услуги ОКСИЃЕНИ 2013 ДООЕЛ Скопје**, како корисник на франшизата;

17. Договорот за франшиза склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Здружени за умствен развој БРАИН-ГИНИС, Куманово,** како корисник на франшизата;

18. Договорот за франшиза склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ТЕРМАЛ КОМФОРТ ДООЕЛ Гостивар-Подружница 2 ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНА ЕДУКАЦИЈА-ТЦЕ, ул. Беличица бр.51 Гостивар,** како корисник на франшизата;

19. Договорот за франшиза склучен на ден 28.04.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Здружение за едукација и развој на млади БРАИНОБРАИН КИДС, ул. Гемиџиска бр.57 Скопје,** како корисник на франшизата;

20. Договорот за франшиза склучен на ден 01.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **БРАИНОБРАИН НОВА ДООЕЛ, Ул.Лазар Личеноски бр.27, Скопје,** како корисник на франшизата;

21. Договор за франшиза склучен на ден 01.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје, Подружница I СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ул. Борка Талевски бр.49/3 Скопје,** како корисник на франшизата;

22. Договорот за франшиза склучен на ден 03.09.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Е-Консалтинг, Кочани,** како корисник на франшизата;

23. Договорот за франшиза склучен на ден 14.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Здружение за едукација и развој на млади АБАКУС ул. Коста Новаковуќ бр.7/1-3 Скопје**, како корисник на франшизата;

24. Договорот за франшиза склучен на ден 21.09.2015 година, помеѓ**у** **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ЛИНГВА 2006 ДООЕЛ, ул. Маршал Тито бр.65 БИТОЛА,** како корисник на франшизата;

25. Договорот за франшиза склучен на ден 01.02.2016 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **ДУПТ АРИТМЕТИКА М ДООЕЛ увоз-извоз, ул. Цветан Димов бр.72 Струмица**, како корисник на франшизата;

26. Договорот за франшиза склучен на ден 21.03.2016 година, помеѓ**у** **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза **и Црвен Крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид, ул. Димитар Влахов бр.52 Охрид**, како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години;

во Член 8 е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати фиксно определен месечен надомест и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите

27. Договорот за франшиза склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Здружение за едукација и развој на млади АБАКУС, ул. Коста Новаковиќ бр.7/1-3 Скопје,** како корисник на франшизата;

28. Договорот за франшиза склучен на ден 18.11.2014 година, помеѓ**у** **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиз**а** и **Црвен Крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид, ул. Димитарв Влахов бр.52 Охрид,** како корисник на франшизата;

29. Договорот за франшиза склучен на ден 22.01.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ДА ВИНЧИ ГАБ ДООЕЛ, ул.Гоце Делчев бр.64, Куманово,** како корисник на франшизата

во Член 6 а) е предвидено дека Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје (давателот на франшизата) има право со предходно известување, да го смени износот на месечниот надомест кој што го плаќаат посетителите на курсот и во Член 8 од истиот договор е предвидено дека Франшизниот центар при запишувањето на посетителите на курсот Браинобраин е должен да им предаде на родителите на посетителите на кусот, уплатница врз основа на која што ќе вршат уплата на фиксно определен месечен надомест за посета на курсот

**<u>што претставува</u>** <u>повеќекратно остарување на прекршок од</u> член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата<u> и член 28 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр. 124/15)</u>, за што

на сторителот Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје, му се изрекува **санкција - глоба во износ од** 1.263.607,00 **денари**, што претставува 10% од вредноста на вкупниот годишен приход на Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје остварен во 2016 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

Управниот Суд на Република Македонија со Допис (УПРК. Бр.8/2017, 22.12.2017г.) (Наш број ПП бр.09-2/1 од 04.01.2018 година) достави Тужба за поведување на управен спор .

На ден 11.01.2018 година, КОП со Допис ПП бр.09-2/2 достави Одговор на тужба УПРК.бр. 8/2017 до Управниот Суд на Република Македонија.

Управниот Суд на Република Северна Македонија на ден 07.11.2019 година донесе Пресуда УПРК. Бр.8/2017 (Наш бр. 09-33/1 од 25.12.2019г.) со која тужбата на тужителот Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ), Скопје, поднесена против решението на КОП, ПП. Бр.09-8/12 од 29.11.2017 година, ја одби како неоснована.

Управниот суд на ден 20.12.2019 година со Допис (Наш број ПП бр.09-19/1 од 11.03.2020 година) ја достави на одговор до КОП жалбата која Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ), Скопје, преку полномошник Мефаиљ Арслани, адвокат од Скопје, ја изјавил против Пресудата на Управниот суд УПРК.бр.8/2017 од 07.11.2019 година.

На ден 18.03.2020 година, КОП со Допис ПП бр.09-19/2 достави одговор на жалба УПРК. Бр.8/2017 до Управниот суд.

Со Пресуда УПРЖ. Бр.155/2020 од 06.09.2021 година, Вишиот Управен Суд (во понатамошниот текст: ВУС) ја преиначи Пресудата УПРК.бр.8/2017 од 07.11.2019 година на Управниот Суд и го поништи Решението ПП бр.09-8/12 од 29.11.2017 година на КОП, при што, предметот го врати на повторно решавање.

По доставувањето на пресудата од страна на ВУС, КОП постапувајќи по службена должност, на ден 15.10.2021 година, од Централниот регистар на Република Северна Македонија прибави Историјат на промени на Друштво за интелектуални услуги Браинобраин Еуропе ДООЕЛ, Скопје од кој е видно дека претпријатието го променило називот во Друштво за интелектуални услуги ЈАВОР-КОП ДООЕЛ Скопје.

На ден 15.11.2021 година, Христина Стојановиќ, Адвокат од Скопје по е-маил достави Поднесок ПП бр.09-37/2 до КОП со кој ја извести КОП дека веќе не е полномошник на Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје).

На ден 25.11.2021 година, КОП донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-37/3 од претпријатието Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје).

Со Допис ПП бр.09-37/4, КОП на ден 15.12.2021 година направи обид за достава на адресата на претпријатието. На ден 22.12.2021 година службеното лице направи повторен обид за уредна достава.

На ден 15.02.2022 година, КОП изврши доставување на Заклучок за барање на податоци ПП бр.09-37/3 по електронски пат во електронско сандаче, на адреса на

електронското сандаче на Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје).

По прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, КОП ја утврди следната фактичка состојба:

Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), е претпријатие, давател на франшиза за Курсеви-напреден курс за ментален развој на децата на возраст од 4 до 14 години, кој што се изведува според заштитениот метод на учење под називот „Браиниобраин". кое склучувањето на договорите за франшиза го условува со прифаќање обврска од страна на корисникот на франшизата, надоместокот кој го плаќаат слушателите на Курсот да биде определен од Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) без можност корисникот на франшиза самостојно да определи своја цена, која обврска по својата природа или согласно со трговските обичаи не е во врска со предметот на договорот.

Друштвото за интелектуални услуги БРЕИН О БРЕИН Интернационал ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Булевар Јане Сандански бр.21/1-7 Скопје – Аеродром е основано на 21.09.2011 година, а како негов основач и сопрственик во Централниот Регистар на Република Македонија е заведена Клаудија Ехмер-Воргиќ.

На ден 17.06.2013 година до Централниот Регистар на Република Македонија е поднесена пријава за промена на називот на Друштвото за интелектуални услуги БРЕИН О БРЕИН Интернационал ДООЕЛ Скопје. Пријавата е одобрена на 18.06.2013 година. Новиот назив на Друштвото за интелектуални услуги БРЕИН О БРЕИН Интернационал ДООЕЛ Скопје е Друштво за интелектуални услуги БРАИНОБРАИН ЕУРОПЕ ДООЕЛ Скопје или со кратко име БРАИНОБРАИН ЕУРОПЕ ДООЕЛ Скопје.

На ден 19.05.2020 година до Централниот Регистар на Република Северна Македонија е поднесена пријава за промена на називот на Друштво за интелектуални услуги БРАИНОБРАИН ЕУРОПЕ ДООЕЛ Скопје. Пријавата е одобрена на 20.05.2020 година. Новиот назив на Друштво за интелектуални услуги БРАИНОБРАИН ЕУРОПЕ ДООЕЛ Скопје е Друштво за интелектуални услуги МАРЕНА-ОБРЕНД ДООЕЛ.

На ден 19.08.2021 година до Централниот Регистар на Република Северна Македонија е поднесена пријава за промена на називот на Друштво за интелектуални услуги МАРЕНА-ОБРЕНД ДООЕЛ. Пријавата е одобрена на 19.08.2021 година. Новиот назив на Друштво за интелектуални услуги МАРЕНА-ОБРЕНД ДООЕЛ е Друштво за интелектуални услуги ЈАВОР – КОП ДООЕЛ Скопје.

Врз основа на анализа на доставените договори, КОП утврди дека Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), како давател на франшиза за Курсеви-напреден курс за ментален развој на децата на возраст од 4 до 14 години, кој што се изведува според заштитениот метод на учење под називот „Браиниобраин", а која што важно се заклучува во синергија на ВАК методот на учење, мозочна гимнастика (Brain Gim), НЛП и ментална аритметика АБАКУС и тоа на 10/12 нивоа, при што секое ниво трае 3 до 4 месеци, а нивоата не може да се прескокнуваат, склучил повеќе договори со корисници на франшиза и тоа:

1. Договор за франшиза, склучен на ден 30.10.2011 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија** како давател на франшиза и **Општинска**

**организација на Црвен крст Охрид**, **Македонија**, како корисник на франшизата. Договорот е со важност до 30.10.2016 година.

Во точка 6.3 а) од наведениот Договор е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 8 од делот „Распоред“ – составен дел на договорот е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) ќе собира по 40 евра од своите студенти по месец и дополнително во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” (стр.18 од Договорот) е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент е 40 евра на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

2. Договор за франшиза, склучен на ден 30.10.2011 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и **Абакус Плус – Битола**, како корисник на франшизата. Договорот е со важност до 30.10.2016 година.

Во точка 6.3 а) од наведениот Договор е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 8 од делот „Распоред“ – составен дел на договорот е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) ќе собира по 45 евра од своите студенти по месец и дополнително во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” (стр.18 од Договорот) е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент е 40 евра на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

3. Договор за франшиза, склучен на ден 30.10.2011 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и **Едукативен Центар Светилник, Скопје, локација Универзална сала**, како корисник на франшизата. Договорот е со важност до 30.10.2016 година.

Во точка 6.3 а) од наведениот Договор е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 8 од делот со назив “Распоред” од истиот Договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) ќе собира по 40 евра од своите студенти по месец и дополнително во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент е 40 евра на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

4. Договор за франшиза, склучен на ден 01.03.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија,** како давател на франшиза и **Џонова Џаџова Емилија**, **со адреса на ул. Трајко Кошески бр.23 Штип,** како корисник на франшизата. Договорот е со важност до 01.03.2017 година.

Во точка 6.3 а) од наведениот Договор е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 8 од делот со назив “Распоред” од истиот Договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) ќе собира по 40 евра од своите студенти по месец и дополнително во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент е 40 евра на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

5. Договор за франшиза, склучен на ден 01.03.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и **Е-Консалтинг - Кочани**, како корисник на франшизата. Договорот е со важност до 01.03.2017 година.

Во точка 6.3 а) од наведениот Договор е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 8 од делот со назив “Распоред” од истиот Договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) ќе собира по 40 евра од своите студенти по месец и дополнително во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент е 40 евра на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

6. Договор за франшиза, склучен на ден 01.09.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија,** како давател на франшиза и **Браинобраин Јуниорс, ул Мексичка 14 б**, како корисник на франшизата. Договорот е со важност до 01.09.2015 година.

Во точка 6.3 а) од наведениот Договор е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 22 од делот со назив “Распоред” од истиот Договор е предвидено дека Мастер Франшизерот одредува 3 категории за наплата на месечниот Браинобраин курс за секој студент во зависност од бројноста на жители во град и тоа: 2460 мкд за жителите на град Скопје, 1970 мкд за категорија град над 25000 жители и 1540 мкд за категорија град под 25000 жители и дополнително во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

7.Договор за франшиза, склучен на ден 01.09.2012 година помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и **Фрутберри ДООЕЛ Струмица/подружница Вондеркит, ул. Климент Охридски бб/просенички пат Струмица**, како корисник на франшизата. Договорот е со важност до 01.09.2015 година.

Во точка 6.3 а) од наведениот Договор е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 22 од делот со назив “Распоред” од истиот договор е предвидено дека Мастер Франшизерот одредува 3 категории за наплата на месечниот Браинобраин курс за секој студент во зависност од бројноста на жители во град и тоа: 2460 мкд за жителите на град Скопје, 1970 мкд за категорија град над 25000 жители и 1540 мкд за категорија град под 25000 жители и дополнително во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

8. Договор за франшиза, склучен на ден 01.09.2012 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и **Здружение на граѓани за развој на вештини и човечки вредности Едукативен Центар Светилник, ул. Методија Митевски бр.5/4-7 Скопје,** како корисник на франшизата. Договорот е со важност до 01.09.2015 година.

Во Член 20 а) од наведениот Договор е предвидено дека Мастер франшизерот, има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците и во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

9. Договор за соработка, склучен на ден 01.12.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз, ул. Илинденска 18а Тетово,** како корисник на франшизата. Договорот е потпишан на 3 години.

Во Член 20 а) од наведениот Договор е предвидено дека Мастер франшизерот, има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците и во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

10. Договор за соработка, склучен на ден 01.02.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Македонија**, како давател на франшиза и **Здружение на граѓани за развој на вештини и човечки вредности Едукативен Центар Светилник Скопје, ул. Методија Митевски бр.5/4-7 Чаир, Скопје,** како корисник на франшизата. Договорот е потпишан на 3 години.

Во Член 20 а) од наведениот Договор е предвидено дека Мастер франшизерот, има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците и во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на

месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

11. Договор за соработка, склучен на ден 24.09.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Друштво за производство и трговија ЕЛМО-ТЕХНА Љубенчо ДООЕЛ увоз-извоз, ул. Благој Ѓорев бр.36/1-13 Велес,** како корисник на франшизата. Договорот е потпишан на 3 години.

Во точка Член 20 а) од наведениот Договор е предвидено дека Мастер франшизерот, има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците и во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

12. Договор за соработка, склучен на ден 01.04.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **МАЛИ ГЕНИЈАЛЦИ ДООЕЛ Битола, ул. Ген. Васко Карангелески бр.1 ГТЦ КЕОПС БИТОЛА,** како корисник на франшизата. Договорот е потпишан на 3 години.

Во Член 20 а) од наведениот Договор е предвидено дека Мастер франшизерот, има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците и во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

13. Договор за франшиза, склучен на ден 01.09.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ДТУ ЈУНИОРС Клуб ДООЕЛ Скопје**, како корисник на франшизата. Договорот е склучен на определено време, на рок од 4 години.

Во Член 8 од наведениот Договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 2460 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

14. Договор за франшиза, склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ЕДУКАТИВНО УЧИЛИШТЕ СИГМА ДООЕЛ**, ул. Илинденска бб, Крива Паланка, како корисник на франшизата. Договорот е склучен на определено време, на рок од 3 години.

Во Член 8 од наведениот Договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 1960 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

15. Договор за соработка, склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Здружение за едукација и развој на млади АБАКУС,** ул. Коста Новаковиќ бр.7/1-3 Скопје, како корисник на франшизата. Договорот е склучен на определено време, на рок од 3 години.

Во Член 6 а) од наведениот Договор е предвидено дека давателот на франшизата има право со предходно известување, да го смени износот на месечниот надомест кој што го плаќаат посетителите на курсот и во Член 8 од истиот договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот/франшизниот центар) при запишувањето на посетителите на курсот Браинобраин е дожен да им предаде на родителите на посетителите на курсот, уплатница врз основа на која што ќе вршат уплата на износ од 2460 денари месечен надомест за посета на курсот.

16. Договор за франшиза, склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Друштво за едукација и услуги ОКСИЃЕНИ 2013 ДООЕЛ Скопје**, како корисник на франшизата. Договорот е склучен на определено време, на рок од 2 години.

Во Член 8 од наведениот Договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 2460 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

17. Договор за соработка, склучен на ден 01.09.2013 година, помеѓу **Бреинобреин Интернационал ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Здружение за умствен развој Браин Гинис – Куманово, ул. 3 МУБ бр.124 Куманово**, како корисник на франшизата. Договорот е со важност до 01.09.2016 година.

Во Член 20 а) од наведениот Договор е предвидено дека Мастер франшизерот, има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците и во Правило 4 од делот со назив "Бреинобреин правила и регулативи" е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

18. Договор за франшиза, склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Здружени за умствен развој БРАИН-ГИНИС, Куманово,** како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 2 години.

Во Член 8 од наведениот Договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 1960 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

19. Договор за франшиза, склучен на ден 01.10.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ТЕРМАЛ КОМФОРТ ДООЕЛ**

**Гостивар-Подружница 2 ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНА ЕДУКАЦИЈА-ТЦЕ, ул. Беличица бр.51 Гостивар,** како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години

Во Член 8 од наведениот Договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 2000 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

20. Договор за соработка, склучен на ден 18.11.2014 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **Црвен Крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид**, ул. Димитарв Влахов бр.52 Охрид, како корисник на франшизата**.** Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години

Во Член 6 а) од наведениот договор е предвидено дека БОБ (давателот на франшизата) има право со предходно известување, консултација и согласност со франшизниот Центар да го смени износот на месечниот надомест кој што го плаќаат посетителите на курсот и во Член 8 од истиот договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот/франшизниот центар) при запишувањето на посетителите на курсот Браинобраин е дожен да им предаде на родителите на посетителите на курсот, уплатница врз основа на која што ќе вршат уплата на износ од 1970 денари месечен надомест за посета на курсот.

21. Договор за соработка, склучен на ден 22.01.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ДА ВИНЧИ ГАБ ДООЕЛ, ул.Гоце Делчев бр.64**, Куманово, како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години.

Во Член 6 став (1) точка а) од наведениот договор е предвидено дека БОБ (давателот на франшизата) има право со предходно известување, да го смени износот на месечниот надомест кој што го плаќаат посетителите на курсот и во Член 8 од истиот договор е предвидено дека Франшизниот центар при запишувањето на посетителите на курсот Браинобраин е должен да им предаде на родителите на посетителите на курсот, уплатница врз основа на која што ќе вршат уплата на износ од 1550 денари месечен надомест за посета на курсот.

22. Договор за франшиза, склучен на ден 28.04.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Здружение за едукација и развој на млади БРАИНОБРАИН КИДС, ул. Гемиџиска бр.57 Скопје,** како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години.

Во Член 8 од наведениот договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 2000 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

23. Договор за франшиза, склучен на ден 01.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **БРАИНОБРАИН НОВА ДООЕЛ Скопје, Ул.Лазар Личеноски бр.27, Скопје,** како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години.

Во Член 8 од наведениот договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 2500 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

24. Договор за франшиза, склучен на ден 01.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје, Подружница I СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ, ул. Борка Талевски бр.49/3 Скопје,** како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години.

Во Член 8 од наведениот договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 2500 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

25. Договор за франшиза, склучен на ден 03.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Е-Консалтинг ДОО Кочани, ул. Лазар Андонов бр.1/1 Кочани,** како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години.

Во Член 8 од наведениот договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 1600 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

26. Договор за франшиза, склучен на ден 14.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Здружение за едукација и развој на млади АБАКУС Скопје, ул. Коста Новаковиќ бр.7/1-3 Скопје**, како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години.

Во Член 8 од наведениот договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 2500 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

27. Договор за франшиза, склучен на ден 21.09.2015 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје**, како давател на франшиза и **ЛИНГВА 2006 ДООЕЛ Битола, ул.**

**Маршал Тито бр.65 Битола,** како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години.

Во Член 8 од наведениот договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 2000 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Дателот на мастер франшизата и Дателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

28. Договор за франшиза, склучен на ден 01.02.2016 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **ДУПТ АРИТМЕТИКА М ДООЕЛ увоз-извоз Струмица, ул. Цветан Димов бр.72, Струмица,** како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 1 година.

Во Член 8 од наведениот договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 2000 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Дателот на мастер франшизата и Дателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

29. Договор за франшиза, склучен на ден 21.03.2016 година, помеѓу **Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје,** како давател на франшиза и **Црвен Крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид, ул. Димитар Влахов бр.52 Охрид,** како корисник на франшизата. Договорот е склучен на одредено време, на рок од 3 години.

Во Член 8 од наведениот договор е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати месечен надомест во износ од 2000 денари и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Дателот на мастер франшизата и Дателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите.

КОП исто така ги ценеше наводите на Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), дека со овие договори за франшизинг всушност на корисниците на франшиза им се дава на користење специфичен метод и техниките на браинобраин системот како и знаење и искуство за пренесување на истиот и полесно совладување, за чие правилно применување, согласно основите на браинобраин системот, е должен давателот на франшиза да контролира.

Понатаму, Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), наведе дека ја разгледува можноста за отстранување на спорните одредби кои претставуваат евентуален прекршок, согласно член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата и побара истото да биде земено како олеснувачка околност при донесувањето на одлуката на Комисијата.

Во однос на наводите на Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), Скопје дека со овие договори за франшизинг всушност на корисниците на франшиза им се дава на користење специфичен метод и техниките на браинобраин системот како и знаење и искуство за пренесување на истиот и полесно совладување, за чие правилно применување согласно основите на браинобраин

системот е должен давателот на франшиза да контролира КОП истакнува дека согласно одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 42/12) (во понатамошниот текст: Уредба) и Насоките за вертикални ограничувања (донесени на ден 28.12.2015 година од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КЗК), достапни на веб страната на КЗК: www.kzk.gov.mk), (во понатамошниот текст: Насоки), јасно произлегува дека Законот и Уредбата се применуваат и на вертикални договори кои содржат одредби за правата на интелектуална сопственост (во понатамошниот текст: ПИС), а со тоа и на договорите за франшиза, како и дека истите не смеат да содржат одредби со кои се ограничува способноста на купувачот да одреди своја препродажна цена.

Имено, согласно член 7 став (1) точка 5) од Законот: „забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот.

При примената на член 7 став (1) од Законот, се прави разлика помеѓу договори кои за своја цел имаат ограничување на конкуренцијата и договори кај кои ограничување на конкуренцијата се јавува како последица од договорот.

Оттука, договорите и поединечните договорни одредби се забранети со член 7 став (1) од Законот само ако имаат како своја цел или последица ограничување на конкуренцијата.

Разликувањето помеѓу ограничувања како цел и ограничувања како последица е важно.

Во моментот кога ќе се утврди дека еден договор има за своја цел ограничување на конкуренцијата, нема веќе потреба да се утврдуваат и конкретните ефекти (последици) на тој договор врз конкуренцијата. Со други зборови, при примената на член 7 став (1) од Законот, кога договорот има како своја цел ограничување на конкуренцијата, не е потребно да се докажува постоење и на анти-конкурентски ефекти (последици).

Договори, одлуки и договорена практика кои како цел имаат ограничување на конкуренцијата се такви договори, одлуки и договорена практика кои по својата природа имаат потенцијал за ограничување на конкуренцијата. Ова се ограничувања кои имаат толку висок потенцијал за негативни ефекти врз конкуренцијата што при примената на член 7 став (1) од Законот, не е неопходно истовремено да се демонстрира и постоењето на негативни ефекти на пазарот.

Насоки за тоа што претставува ограничување според целта може да се најдат во Уредбите за групно изземање донесени согласно Законот. Ограничувањата кои се на ’црната листа’ во Уредбите за групно изземање, односно се идентификуваат како тешки ограничувања, претставуваат ограничувања според цел.

Дополнително, во член 3 став (1) од Уредбата јасно е уредено дека *Вертикалните договори се изземени од примена на одредбите од членот 7 став (1) од* Законот *доколку ги исполнуваат условите уредени со оваа уредба, а согласно член 7 став (3) и член 9 став (1) точка 2) од истиот Закон*. Во член 5 од Уредбата се наведени

ограничувањата кои не смеат да ги содржат вертикалните договори и притоа во член 5 став (1) точка а) од Уредбата, јасно е наведено дека групното изземање од член 3 од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори нема да се применува за вертикални договори кои, директно или индиректно, сами или во комбинација со други фактори под контрола на договорните страни, <u>имаат за цел ограничувањето на способноста на купувачот да одреди своја продажна цена</u>, без влијание на можноста снабдувачот да наметне максимална продажна цена или да препорача продажна цена, под услов истата да не доведува до настанување на фиксна или минимална продажна цена како резултат на притисок или стимулации понудени од страна на било која од договорните страни. Од наведената одредба јасно е дека <u>ограничувањето на способноста на купувачот да одреди своја продажна цена претставува ограничување кое не смее да го содржат вертикалните договори.</u>

Исто така во член 3 став (4) од Уредбата е утврдено дека групното изземање од став (1) на истиот член се применува и за вертикални договори, кои содржат одредби за доделување или користење на права од интелектуална сопственост на купувачот, под услов тие одредби да не претставуваат главна цел на таквите договори и да се директно поврзани со користењето, продажбата или препродажбата на стоки или услуги од страна на купувачот или неговите клиенти. Групното изземање се применува под услов тие одредби, во однос на стоките или услугите предмет на договорот, да не содржат ограничувања на конкуренцијата кои имаат иста цел како и вертикалните ограничувања, кои не се изземени со Уредбата.

Дополнително, во Насоките, во дел III точка 3 поблиску се објаснети ограничувањата кои не смеат да ги содржат вертикалните договори (строги ограничувања) согласно Уредбата, при што во пасусот 45 од истите е наведено дека „строгото ограничување утврдено во член 5 став (1) точка а) од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори се однесува на одржување на препродажни цени (ОПЦ), односно на договори или усогласено однесување кои имаат директна или индиректна цел воспоставување на фиксна или минимална препродажна цена или фиксно или минимално ниво на цените што треба да се почитува од страна на купувачот. Во случај на договорни одредби или на усогласено однесување кои директно ја утврдуваат препродажната цена, ограничувањето е јасно дефинирано“.

Во точка 36 од Насоките е наведно дека правата на интелектуална сопственост кои се релевантни за спроведување на вертикалните договори во смисла на член 3(4) од Уредбата се однесуваат на три главни области: трговски марки, авторски права и know-how.

Понатаму, во точка 41 од истите Насоки е појаснето дека договорите за франшиза, со исклучок на договорите за индустриска франшиза, се еден од најтипичните примери каде know-how за трговски цели се пренесува на купувачот. Договорите за франшиза содржат лиценци за правата на интелектуална сопственост поврзани со трговски марки или знаци и know-how за употребата и дистрибуцијата на стоки или за обезбедување на услуги. Освен лиценцата за ПИС, давачот на франшиза обично му обезбедува на стекнувачот на франшиза, во текот на договорот, трговска или техничка помош, како што се услугите за испорака, обука, консултации за недвижен имот, финансиско планирање итн. Лиценцата и помошта се составен дел од трговскиот метод кој е предмет на франшизата.

Во точка 41 од Насоките се наведени обврските поврзани со ПИС кои обично се сметаат за неопходни за заштита на интелектуална сопственост на давачот на франшиза и, кога овие обврски спаѓаат во доменот на *член 7 став (1) од Законот*,

исто така се изземени со Уредбата:

(а) обврска на стекнувачот на франшиза да не учествува, директно или индиректно, во друга слична дејност;

(б) обврска на стекнувачот на франшиза да не добива финансиски акции од капиталот на дадено конкурентско претпријатие, така што на стекнувачот на франшиза би му се дало право да влијае врз економскиот однос на тоа претпријатие;

(в) обврска на стекнувачот на франшиза да не открива пред трети страни know-how обезбедено од давачот на франшиза сѐ додека тоа know-how не стане јавно;

(г) обврска на стекнувачот на франшиза да го предава на давачот на франшиза секое искуство стекнато при користење на франшиза и да им обезбеди на давачот на франшиза и на другите корисници на франшиза неексклузивна лиценца за know-how кое произлегува од ова искуство;

(д) обврска на стекнувачот на франшиза да го информира давачот на франшиза за прекршувањата на лиценцираните права на интелектуална сопственост, да преземе правни мерки против прекршителите или да му помага на давачот на франшиза при секоја правна мерка против прекршителите;

(ѓ) обврска на стекнувачот на франшиза да не користи know-how лиценцирано од давачот на франшиза за други цели, освен за користење на франшизата;

(е) обврска на стекнувачот на франшиза да не ги префрла правата и обврските од договорот за франшиза без согласност на давачот на франшиза.

Во точка 176 од Насоките е појаснето дека договорите за франшиза содржат лиценци за правата на интелектуална сопственост поврзани со одредени марки или знаци и know-how за употребата и дистрибуцијата на стоки или за обезбедување на услуги. Освен лиценцата за ПИС, давачот на франшиза обично му обезбедува на стекнувачот на франшиза, во текот на договорот, трговска или техничка помош. Лиценцата и помошта се составен дел од трговскиот метод кој е предмет на франшизата. На давачот на франшиза обично му се плаќа франшизна такса од стекнувачот на франшиза за користење на конкретниот бизнис метод. Франшизингот може да му овозможи на давачот на франшиза да создаде, со ограничени инвестиции, единствена мрежа за дистрибуција на своите производи. Освен начелото на бизнис методот, договорите за франшизинг обично содржат комбинација од различни вертикални ограничувања што се однесуваат на дистрибуираните производи, особено со селективна дистрибуција и/или обврска за неконкурирање и/или ексклузивна дистрибуција или некои нејзини послаби форми.

Од горенаведените одредби од Законот, Уредбата и Насоките јасно произлегува дека Законот и Уредбата се применуваат и на вертикални договори кои содржат одредби за ПИС како и дека истите не смеат да содржат одредби со кои се ограничува способноста на купувачот да одреди своја препродажна цена.

Од горенаведеното КОП утврди дека Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), како претпријатие давател на франшиза за Курсеви-напреден курс за ментален развој на децата на возраст од 4 до 14 години, кој што се изведува според заштитениот метод на учење под називот „Браиниобраин", во периодот **<u>од 30.10.2011 година, како ден кога бил склучен првиот договор за франшиза до 01.09.2018 година, како ден на завршување на договорот за франшиза склучен</u>**

**помеѓу Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) и СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје, Подружница I СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ, како ден на завршување на последен договор кој содржел ограничувачка одредба** во 29 наврати го условува склучувањето на договорите за франшиза со корисниците за франшиза со прифаќање обврска од страна на корисникот на франшизата, дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот, на начин што во:

-договорите за франшиза склучени со **Општинска организација на Црвен крст Охрид**, **Македонија** (на 30.10.2011 година), Абакус Плус – Битола (на 30.10.2011 година), Едукативен Центар Светилник, Скопје (на 30.10.2011 година), Џонова Џаџова Емилија, Штип (на 01.03.2012 година) и Е-Консалтинг, Кочани (на 01.03.2012 година) во точка 6.3 а) е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 8 од делот со назив “Распоред” од истите договори фиксно е утврден месечен надомест кој корисникот на франшизата (франшизантот) ќе го собира од своите студенти по месец и дополнително во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвиден фиксен месечен надомест по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот;

-Договорите за франшиза склучени со: Браинобраин Јуниорс, Скопје (на 01.09.2012 година) и Фрутберри ДООЕЛ Струмица-подружница Вондеркит (на 01.09.2012 година) во точка 6.3 а) е предвидено дека давателот на франшиза (франшизерот/компанијата), има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците, во точка 22 од делот со назив “Распоред” од истиот договор е предвидено дека Мастер Франшизерот одредува 3 категории на фиксно определен надоместок за наплата на месечниот Браинобраин курс за секој студент во зависност од бројноста на жители во градот и во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот;

-договорите за франшиза склучени со: Едукативен Центар Светилник (на 01.09.2012 година), Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз (на 01.12.2013 година), Едукативен Центар Светилник Скопје (на 01.02.2012 година), ЕЛМО-ТЕХНА Љубенчо ДООЕЛ увоз-извоз (на 24.09.2013 година), МАЛИ ГЕНИЈАЛЦИ ДООЕЛ, Битола (на 01.04.2014 година) и Здружение за умствен развој Браин Гинис – Куманово (на 01.09.2013 година) во Член 20 а) е предвидено дека Мастер франшизерот, има право со претходно известување да го менува надоместокот по семинар кој го плаќаат учесниците и во Правило 4 од делот со назив “Бреинобреин правила и регулативи” е предвидено дека надоместокот по ниво кој што ќе биде наплаќан и собиран од страна на корисникот на франшизата (франшизантот) од секој студент на месец и дека за промена на висината на надоместокот е потребно писмено одобрение добиено од Мастер Франшизерот.

- договорите за франшиза склучени со: ДТУ ЈУНИОРС Клуб ДООЕЛ Скопје (на 01.09.2014 година), ЕДУКАТИВНО УЧИЛИШТЕ СИГМА ДООЕЛ, Крива Паланка (на 01.10.2014 година), Друштво за едукација и услуги ОКСИЃЕНИ 2013 ДООЕЛ Скопје (на 01.10.2014 година), Здружени за умствен развој БРАИН-ГИНИС, Куманово (на ден 01.10.2014 година), ТЕРМАЛ КОМФОРТ ДООЕЛ Гостивар (на 01.10.2014 година), Здружение за едукација и развој на млади БРАИНОБРАИН КИДС, Скопје (на 28.04.2015 година), БРАИНОБРАИН НОВА ДООЕЛ, Скопје (на 01.09.2015 година), СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје (на 01.09.2015 година), Е-Консалтинг ДОО, Кочани (на 03.09.2015 година), Здружение за едукација и развој на млади АБАКУС, Скопје (на 14.09.2015), ЛИНГВА 2006 ДООЕЛ, Битола (на 21.09.2015 година), ДУПТ АРИТМЕТИКА М ДООЕЛ увоз-извоз, Струмица (на 01.02.2016 година) и Црвен Крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид (на 21.03.2016 година) во Член 8 е предвидено дека корисникот на франшизата (франшизантот) е должен од посетителите на курсот Браинобраин да наплати фиксно определен месечен надомест и во Член 10 (а) од истиот договор е предвидено дека Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со предходно известување на Корисникот на франшизата, да го измени надоместокот за степенот кој го плаќаат слушателите и

- договорите за франшиза склучени со: Здружение за едукација и развој на млади АБАКУС, Скопје (на 01.10.2014 година), Црвен Крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид (на 18.11.2014 година) и ДА ВИНЧИ ГАБ ДООЕЛ, Куманово (на 22.01.2015 година) во Член 6 а) е предвидено дека БОБ (давателот на франшизата) има право со предходно известување, да го смени износот на месечниот надомест кој што го плаќаат посетителите на курсот и во Член 8 од истиот договор е предвидено дека Франшизниот центар при запишувањето на посетителите на курсот Браинобраин е должен да им предаде на родителите на посетителите на курсот, уплатница врз основа на која што ќе вршат уплата на фиксно определен месечен надомест за посета на курсот,

што претставува **повеќекратно осварување на прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата и член 28 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр. 124/15).**

Имено како што е погоре наведено во текот на постапката **Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје)** достави Известување за изменети договори и изменетите договори ги достави до КОП. Од увидот извршен во изменетите договори КОП утврди дека:

-Договор за франшиза склучен на ден 01.09.2014 година, помеѓу **Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје)**, како давател на франшиза и ДТУ ЈУНИОРС Клуб ДООЕЛ Скопје, како корисник на франшизата кој е склучен на рок од 4 години е изменет со Анекс, но со Анексот на договорот не се изменети одредбите од член 8 и член 10 за кои КОП утврди дека се ограничувачки одредби.

- Договор за франшиза склучен на ден 22.01.2015 година, помеѓу **Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје)**, како давател на франшиза и ДА ВИНЧИ ГАБ ДООЕЛ, ул.Гоце Делчев бр.64, Куманово како корисник на франшизата кој е склучен на 3 години, е изменет со Анекс, но со Анексот на договорот не изменет е член 6 став (1) точка а) од наведениот договор за кој КОП утврди дека е ограничувачка одредба.

-Договор за франшиза склучен на ден 01.09.2015 година, помеѓу **Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје)**, како давател на франшиза и СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје, Подружница I СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ул. Борка Талевски бр.49/3 Скопје како корисник на франшизата кој е склучен на 3 години, е изменет со Анекс, но со Анексот на договорот не изменет е член 8 и член 10 став (1) точка а) од наведениот договор за кој КОП утврди дека е ограничувачка одредба.

- Договор за франшиза склучен на ден 14.09.2015 година, помеѓу **Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје)**, како давател на франшиза и Здружение за едукација и развој на млади АБАКУС ул. Коста Новаковуќ бр.7/1-3 Скопје, како корисник на франшизата, кој е склучен од 3 години, е изменет со Анекс, но со Анексот на договорот не изменет е член 8 и член 10 став (1) точка а) од наведениот договор за кој КОП утврди дека е ограничувачка одредба.

Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје), достави до КОП Анекси на договори склучени <u>по донесување на Решението на КОП ПП бр.09-8/12 од 29.11.2017 година</u>, и тоа:

-Анекс бр.2 на Договор за франшиза од 14.09.2015 година, склучен во Скопје, на ден 06.12.2017 година , помеѓу Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје, како давател на франшиза и Здружение за едукација и развој на млади АБАКУС, ул. Коста Новаковуќ бр.7/1-3 Скопје, како корисник на франшизата, каде се направени измени во спорните членови и тоа пречистен текст на член 8 кој ќе гласи: “од посетителите на курсот Браинобраин, да наплати месечен надомест за посетување на курс. Давателот на франшиза <u>*препорачува*</u> месечен надомест за посета на курс во износ од 2500 денари.” и пречистен текст на член 10 кој ќе гласи “Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со претходно писмено одобрување до Корисникот на франшиза, да ги измени методите и постапките на Браинобраин курсевите и содржината на Браинобраин материјалите”. По направените соодветни измени прекршокот престанува на 06.12.2017 година.

Анекс бр.2 на Договор за франшиза од 01.09.2014 година, склучен во Скопје, на ден 06.12.2017 година, помеѓу Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје, како давател на франшиза и Друштво за трговија и услуги ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ЈУНИОРС КЛУБ ДООЕЛ Скопје, ул.Мексичка бр.14 б Скопје, како корисник на франшизата, каде се направени измени во спорните членови и тоа пречистен текст на член 8 кој ќе гласи: “од посетителите на курсот Браинобраин, да наплати месечен надомест за посетување на курс. Давателот на франшиза <u>*препорачува*</u> месечен надомест за посета на курс во износ од 2500 денари.” и пречистен текст на член 10 кој ќе гласи “Давателот на мастер франшизата и Давателот на франшизата имаат право, со претходно писмено одобрување до Корисникот на франшиза, да ги измени методите и постапките на Браинобраин курсевите и содржината на Браинобраин материјалите”. По направените соодветни измени прекршокот престанува на 06.12.2017 година.

-Анекс бр.2 на Договор за соработка од 22.01.2015 година, склучен во Скопје, на ден 06.12.2017 година, помеѓу Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје, како давател на франшиза и ДА ВИНЧИ ГАБ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, ул.Гоце Делчев бр.64, Куманово, како корисник на франшизата, каде е направена измена на спорниот член и тоа пречистен текст на член 6 став (1) точка а) кој ќе гласи: “БОБ има право, со претходно известување, да ги смени методите и постапките на Браинобраин

курсеви и содржините на Браинобраин материјалите”. По направените соодветни измени прекршокот престанува на 06.12.2017 година.

-Анекс на договор за франшиза од 01.09.2015 година, склучен во Скопје, потпишан на ден 07.06.2017, помеѓу Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје, како давател на франшиза и СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје, ул. Борка Талевски бр.49/3 Скопје, како корисник на франшизата, каде било потребно да се направи измена на член 8 и член 10 став (1) точка а) во Договорот за франшиза од 01.09.2015 година, но бил сменет и дополнет само член 5 од истиот договор кој не е во врска со прекршокот утврден во диспозитивот на Решението на КОП донесено на 29.11.2017 година, Решение ПП бр.09-8/12. Бидејќи Договорот за франшиза од 01.09.2015 година бил склучен за времетраење од 3 години односно бил со важност до 01.09.2018 година, а од донесувањето на Решението на КОП на 29.11.2017 година до истекот на договорот до КОП не бил доставен дополнителен Анекс, КОП ќе смета дека времетраењето на прекршокот е до датумот на истекот на Договорот за франшиза, склучен помеѓу помеѓу Бреинобреин Еуропе ДООЕЛ Скопје, како давател на франшиза и СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје, ул. Борка Талевски бр.49/3 Скопје, како корисник на франшизата, односно до 01.09.2018 година.

Оттука наведениот прекршок траел од 30.10.2011 година, како ден кога бил склучен првиот договор за франшиза до 01.09.2018 година, како ден на завршување на договорот за франшиза склучен помеѓу Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) и СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје, Подружница I СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ, како ден на завршување на последен договор кој содржел ограничувачка одредба.

Во повторената постапка КОП ги имаше во предвид напатствијата дадени од ВУС во пресудата УПРЖ. Бр. 155/2020.

Во својата пресуда УПРЖ. Бр. 155/2020, ВУС се повика на член 2 став (1) од Законот за прекршоците (Службен весник на РМ бр.96/2019), како и дека за прекршокот и прекршочната одговорност сообразно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.

Во својата пресуда УПРЖ. Бр. 155/2020, ВУС се повика на член 16 став (1) од Законот за прекршоците (Службен весник на РМ бр.96/2019), според кој член на сторителот на прекршок му се одмерува прекршочна санкција во границите што со закон се пропишани за сторен прекршок, имајќи ги предвид прекршочната одговорност на сторителот и тежината на сторениот прекршок.

Во својата пресуда УПРЖ. Бр. 155/2020, ВУС се повика и на член 26 став (1) од истиот закон, според кој глобата за физичко лице се состои во плаќање на определен паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност, ниту поголем од 250 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавството на Европската Унија не е поинаку определено. Согласно став (2) од истиот член, глобата за одговорно лице во правно лице и овластено службено лице не може да биде помала од 15 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 500 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавството на Европската Унија не е поинаку определено. Согласно став (5) од истиот член, за прекршоци од областа на конкуренцијата, енергетиката, електронски комуникации, трговијата со

забранети и/или ограничени стоки за употреба, прекршоци сторени од користољубие, или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета , може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист но најмногу до десеткратен износ од износот во ставовите (1) и (2) на овој член.

Во својата пресуда УПРЖ. Бр. 155/2020, ВУС се повика на член 3 став (1) и (2) од Кривичниот законик (Службен весник на РМ бр.80/99......248/18), односно дека врз сторителот на кривично дело се применува законот што важел во времето на извршување на кривичното дело. Ако по извршувањето на кривичното дело е изменет законот, еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.

Во својата пресуда УПРЖ. Бр. 155/2020, ВУС оцени дека од страна на првостепениот орган (во конкретниот случај КОП) правилно била утврдена фактичката состојба во однос на одговорноста на тужителот (во конкретниот случај Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје)) за сторен прекршок, што било прифатено за правилно и од страна на Управниот суд, меѓутоа при одмерувањето на глобата од страна на Управниот суд не било ценето дека во меѓувреме стапил во сила Законот за прекршоците (Службен весник на РМ бр.96/2019) од 17.05.2019 година, кој предвидува поблаги глоби за сторителите на прекршоци и кој требало да биде применет во конкретниот случај.

Според насоките на ВУС во однос на висината на глобата, КОП треба да ја надополни фактичката состојба на околности кои се од влијание за правилно одмерување на истата согласно наведените законски одредби во пресудата и притоа да се примени закон кој е поблаг за сторителите на прекршокот.

Согласно горенаведеното, КОП ги зема во предвид укажувањата на ВУС дека КОП при одмерување на глобата применил закон кој е понеповолен за сторителите. Во Пресудата УПРЖ. бр.155/2020 од 06.09.2022 година ВУС најде дека КОП при одмерување на висината на глобата за прекршокот кој му се става на товар на сторителот, не го имал во предвид ченот 3 став 2 од Кривичниот законик на кој член упатува членот 2 став 1 од Законот за прекршоците (“Службен весник на РСМ„ бр. 124/15) согласно кој, ако по извршување на кривичното дело е изменет законот, еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот. Притоа, ВУС укажа дека во повторната постапка, при одмерување на висината на прекршочната санкција – глоба за прекршоците кои им се ставаат на товар на сторителите, КОП треба да го примени Законот за прекршоци (“Службен весник на РСМ„ бр. 96/19), како поблаг закон. Воедно, при одмерување на висината на прекршочната санкција – глоба, КОП треба да ги утврди фактите во смисла на член 16 став 1 и 2 од Законот за прекршоци (“Службен весник на РСМ„ бр. 96/19) и член 26 став 5 од наведениот Закон, согласно кој, за прекршоци од областа на конкуренцијата, енергетиката, електронските комуникации, трговијата со забранети и/или ограничени стоки за употреба, прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до десеткратен износ од износот во ставовите (1) и (2) на овој член.

Постапувајќи по укажување на ВУС во повторната постапка КОП го зема во предвид ченот 3 став 2 од Кривичниот законик и членот 2 став 1 од Законот за прекршоците ("Службен весник на РМ„ бр. 124/15 и бр.211/16) согласно кој, ако по извршување на кривичното дело е изменет законот, еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот. Притоа, применувајќи го членот 26 став 5 од Законот за прекршоци ("Службен весник на РСМ„ бр. 96/19), како поблаг закон според ВУС во својата Пресуда, КОП увиде дека **истиот се однесува на глоба како прекршочна санкција која му се изрекува на сторител на прекршок кој е физичко лице**. Со оглед на **фактот дека сторителот на прекршокот Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) е правно лице,** КОП неможе да го примени наведениот член.

Од овие причини, КОП во повторната постапка го ценеше членот 36 ставот (5) од Законот за прекршоци ("Службен весник на РСМ„ бр. 96/19), кој пропишува **прекршочни санкции на правните лица како сторители**, според кој, за прекршоци **од областа на конкуренцијата**, електронските комуникации и трговијата со забранети и/или ограничени стоки за употреба, како и во други области опфатени со законодавството на Европската Унија **може да се пропише глоба во процентуален износ, но најмногу до 10% од приходот на правното лице остварен во претходната фискална година**. Притоа, КОП увиде дека членот 36 ставот (5) од Законот за прекршоци ("Службен весник на РСМ„ бр. 96/19) пропишува **иста прекршочна санкција – глоба** како и членот 59 став (1) точка 1) од ЗЗК, според кој, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ **до 10%** од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување.

КОП утврди дека во периодот кога е сторен прекршокот **од 30.10.2011 година, како ден кога бил склучен првиот договор за франшиза до 01.09.2018 година, како ден на завршување на договорот за франшиза склучен помеѓу Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје) и СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ ДООЕЛ Скопје, Подружница I СВЕТИЛНИК ЕДУКАРЕ, како ден на завршување на последен договор кој содржел ограничувачка одредба**, покрај ЗЗК, важел и Законот за прекршоците ("Службен весник на РМ„ бр. 124/15 и бр.211/16). Во наведениот Закон во член 38 став (7) е пропишано, за одделни **прекршоци од областа на заштита на конкуренција**, најтешко категоризираните прекршоци од областа на животната средина, како и во други области определени со закон **може да се пропише глоба во процентуален износ кој изнесува до 2% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година**, а во однос на одделни прекршоци од областа на електронски комуникаци до 10% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година.

КОП при утврдувањето на глобата, ги зеде во предвид сите горенаведени напатствија и насоки на ВУС, но со оглед на фактот дека во 2021 година како последна финансиска година, вредноста на вкупниот годишен приход остварен од **Јавор КОП (со претходен назив: БОБ Еуропе ДООЕЛ, Скопје)** изнесува 0 денари, на истиот КОП **не му изрекува глоба.**

Заради сето горе наведено КОП одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Комисијата за заштита на конкуренција**
**Комисија за одлучување по прекршок**
**Претседател**
**Димитрија Вревезоски**